*·ВЕЧЕРВА ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ*

# Изложба на фотографии – „Улица" на Милчо Манчевски

**• Покровител на оваа изложба е Даниел Таршис, генералниот секретар на Советот на Европа, а нашето министерство за култура нема средства во овој проект**

**Е. ЕВТИМОВА**

Вечерва, во 21 часот, во Музејот на современата уметност ќе се отвори изложбата на фотографии – „Улица" на режисерот Милчо Манчевски. На оваа прва изложба на Манчевски од ваков вид, но, и воопшто кај нас, поместени се 130 колор фотографии, снимени во текот на минатата и оваа година. Значаен дел од проектот на Манчевски е и фото албумот, што ги содржи сите изложени фотографии, потоа осум картички, како и шест билборди со по една зголемена фотографија, разместени низ Скопје. Покровител на оваа изложба е господин Даниел Таршис, генерален секретар на Советот на Европа, а за реализацијата на проектот вклучени се повеќе спонзори. Министерството за култура на РМ нема средства во овој проект.



**„Точак и зграда", 1998 – Милчо Манчевски**

„Улица" на Манчевски, кој дипломирал режија на Универзитетот за филм и фотографија во Јужен Илиноис, САД, фрла светло на вонфилмскиот ангажман на овој наш познат режисер, а целта ѝ се сличностите на маките и радостите на луѓето во Њујорк, Скопје, Фиренца, Париз, Велес, каде што се снимени овие фотографии. Проектот директно го носи мирисот на улицата обработен на суптилната естетика на авторот. Манчевски во „Улица" ги раскажува приказните, уловени во еден миг, што е спротивно на долгорочниот филмски процес. Овој артистички ангажман на Манчевски има одреден континуитет со она што тој го правел уште пред 15-20 години: перформанси, презентации-перформанси, што слободно може да се каже го инаугурираат концептуализмот на нашата уметничка сцена. Во тој контекст треба да се издвои оценката на Питер Волен, кој филмот-перформанс „1,72" го нарекува мало ремек-дело на концептуалистичкиот филм.

Околу книгата, што излегува заедно со изложбата, важно е да се спомене дека е прва од ваков вид кај нас и дека ги задоволува највисоките светски естетски и графички стандарди. Уводот за фото албумот, што е двојазичен-печатен е на македонски и на англиски јазик, е на Дејвид Меккин, еден од најинвентивните и најбараните британски графички дизајнери во овој миг во светот. Меккин е автор на дизајнерски решенија на плочите на „Ролингсоунси", „Алис Купер", „Мајкл Најман", како и на епизоди на стрипот „Бетмен". Работел реклами за „Кодак", „Сони", „Смирноф", а познат е по неговите корици на стрипови и по графичките новели. Уводен текст во книгата има и нашиот историчар на уметност, Бојан Иванов.

„Улица" на Манчевски, вечерва, ќе ја отвори Олга Пешевска, професорка на авторот од гимназиските денови - еден од „виновниците" за неговата професија - режисер, инаку професор по филозофија. Изложбата што во Скопје ќе биде отворена до 17 септември, предвидено е да оди во Италија, Франција, Шведска, САД и Босна, а во план се и Германија и Грција. Книгата, пак, ќе се дистрибуира, освен овде, и во Италија и во Германија.